Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
ул. „Дрезденска“ бр. 56 Скопје – Карпош
телефон +389-2-3066-776 телефакс +389-2-3066-807
pedagoskifakultet@gmail.com
www.pfsko.ukim.edu.mk

Бр. 09-48/1
09.01 2023

Врз основа на член 3 и 4 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник“ бр. 161/2019), член 141 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/2018), член 284 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019), член 57 од Статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 462 од 18.10.2019), Решение за акредитација за вршење настава и полагање испити за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка, број 14-7950/3 од 13.7.2021 год., (Министерство за образование и наука), во согласност со Правилникот за условите, постапката, начинот и правилата на студирањето на студиската програма за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка („Службен весник“ бр. 241/2020 и бр.11/2021), Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавува

# К О Н К У Р С
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ КАНДИДАТИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЗА СТРУЧНО И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА И МЕТОДСКА ПОДГОТОВКА – ПЕДАГОШКА ДОКВАЛИФИКАЦИЈА – во ЛЕТЕН СЕМЕСТАР, УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

**1**.На Конкурсот можат да се запишат кандидати кои завршиле дипломски студии, кандидати кои се стекнале со високо образование со освоени (240 ЕКТС – кредити) на други факултети (ненаставна насока).

**2**.Со запишувањето кандидатот се стекнува со статус на кандидат за добивање на педагошко - психолошка и методска подготовка – педагошка доквалификација, која претставува задолжителна форма на сите стручни профили кои завршиле ненаставнички факултет, а се подготвуваат за воспитно - образовна работа во основните и средните училишта.

**3**.Програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко – психолошка и методска подготовка, се реализира во текот на (1) еден семестар преку следење на настава, полагање на испити, како и изведување на најмалку 45 дена практична настава во училиште. Запишаните кандидати студираат на македонски, албански или турски наставен јазик, согласно Правилникот за начинот и условите за студирање на студиската програма.

**4**.Висината на надоместокот изнесува 250 евра во денарска противвредност.

**5**.Пријавувањето ќе се врши во периодот од 30 јануари до 3 февруари 2023 година од 9 до 14 часот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

Документи за пријавувањето и запишување:

-Образец за запишување семестар *

-Пријавен лист и Изјава (кои можат да се превземат од веб страната на Педагошки факултет) *

-Потврда за уплатени 50,00 денари за административна такса *

-Диплома/Уверение за соодветно завршен факултет *

-Извод од Матичната книга на родените *

-Уверение или Решение за Државјанство на РСМ *

-Потврда за уплатени средства во висина од 250 евра во денарска противвредност според средниот курс на НБ на РСМ, на жиро сметка на Факултетот *и

-Индекс, две фотографии и тетратка А4-формат *

*** Документи се поднесуваат во оригинал или фотокопија заверена на нотар.**

**Педагошки факултет**
**„Св. Климент Охридски“ - Скопје**
**Декан,**
**проф. д-р Емиљ Сулејмани**